

# ПРОГРАМИ ЗА РАСТ И РАЗВОЈ

Понуда за развој и едукација на менаџментот, наставниот кадар и учениците во средните училишта

LEAD

Leaders for Education, Activism and Development

За детална понуда контактирајте нè

info@lead.org.mk
070/86 84 86
078/20 48 14

# **ПОНУДА ЗА РАЗВОЈ** НА ВАШЕТО УЧИЛИШТЕ

Брзиот општествен развој, дигитализацијата, промената на општествените трендови и развојот на секоја следна генерација, налага промени и приспособување на образовниот систем и негов континуиран развој. Овој процес ги опфаќа сите засегнати страни во образованието, односно училишното раководство, наставниот кадар и самите ученици.

ЛЕАД ви нуди можност за користење на програмите за раст и развој, поставувајќи го вашето училиште на повисоко ниво, внесувајќи нови методи во наставата, развивајќи вештини кај наставниот кадар и кај учениците, кои не се стекнуваат во формално-образовниот процес и градејќи ефективен менаџмент на училиштето.

## 01 Добијте грант во рамки на регионални и европски програми

Нудиме еднодневни, дводневни и тридневни обуки за пишување и аплицирање донатроски проекти, со менторска поддршка при подготовка на проектот.

Преку аплицирање за грантови, вашето училиште добива можност да:

- Оствари дополнителен приход за активностите на училиштето
- Учествува на европски програми за доедукација на наставници и ученици
- Учествува во образовни размени со училишта од цела Европа

## 02 Зајакнете ги дигиталните вештини во училиштетот

Нудиме еднодневни и повеќедневни обуки преку кои ќе ги зајакнете дигиталните компетенции на наставниците од вашето училиште, во насока на:

- Запознавање со постоечки дигитални алатки кои можат да се користат при настава на далечина, но и при редовна настава
- Користење на постоечките дигитални алатки во настава
- Спроведување на интерактивна настава преку дигитални алатки

## 03 Зајакнете ги капацитетите на наставниците и учениците

Нудиме еднодневни и повеќедневни обуки преку кои ќе ги зајакнете капацитетите на наставниците, но и на учениците, во насока на:

- Примена на алатки на неформално образование и младинска работа за време на часовите од страна на наставниците
- Фасилитирање на дискусии и групи
- Евалуација и мониторинг на активности и проекти
- Зајакнување на средношколското организирање и учество и работата на Училишната заедница

# **КОИ СМЕ НИЕ?**
# ЗАПОЗНАЈТЕ ГО LEAD

## НАШАТА ВИЗИЈА

Организацијата тежнее да постигне состојба каде што младите во партнерство со возрасните активно учествуваат во општествените процеси, преземаат лична одговорност за моменталната состојба и преку континуиран личен развој придонесуваат за подобро општество

## НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ

Веруваме во лична одговорност кај луѓето за:

Средината во која живееме

Работите за кои се нафаќаме

Состојбата во која се наоѓаме

## СПРОВЕДЕНИ ПРОГРАМИ

Во изминатите три години интензивоно работевме во насока на унапредување на формално-образовниот систем во земјава, опфаќајќи различни засегнати страни, како што се учениците, Училишните заедници, училишните служби и наставницитете.

- Програма за градење на капацитетите и зајакнување на Училишните заедници од 6 училишта од Скопје и Велес.
- Национално истражување за степенот на ученичко учество во средните училишта во земјава;
- Програма за градење на капацитетите на повеќе од 70 наставници од целата земја, за користење алатки од неформално образование и младинска работа во наставата;
- Воспоставување он-лајн платформа за средношколско учество и комуникација помеѓу учениците и училишните служби во средните училишта
- Програма за учење преку придонес во заедницата која вклучи 30 средношколци и 3 наставника од 3 средни училишта од Скопје.

## ШТО ВЕЛАТ ЗА НАС



„Обуката којашто ја посетував во Велес за мене беше откровение, едно прекрасно искуство какво што одамна не сум имала . Обучувачите се млади, но многу искусни луѓе во својата област и тоа е за мене пријатно изненадување.“

**Билјана** наставник и учесник на обука за зајакнување на капацитети за користење на неформални методи и методи на младинска работа.



„Инспиративниот дух, интерактивните методи, современите техники за работа и дигиталните алатки вдахновени во оваа програма, воедно се и двигатели на истата. Во неа се внесени најновите сознанија, со цел да биде едно четиво за сите кои сакаат да знаат нешто повеќе, со што наставата е зачинета со разновидност.“

**Гордана,** наставник и учесник во програмата за градење капацитети на наставници од средни училишта **„Инспирирај развој“**